Врз основа на член 19 став 2 точка 7 од Законот за јавни претпријатија (Сл.Весник на Република Македонија бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, ... 64/18 и 35/19 и „Сл.Весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), член 34 од Статутот на ЈП Паркинзи Неготино -Неготино (Сл.гласник на Општина Неготино бр.15/2023г.), Управниот Одбор на седницата одржана на ден 24.02.2025година, ја донесе следната:

Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО
Бр. 02-2717
24.02 2025 год.
НЕГОТИНО

Архивски знак 0202
Рок на чување ТВ
26.02 2025 год.
Потпис

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

# О Д Л У К А

## за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање во Општина Неготино

=*Пречистен текст*=

Член 1

За сите предвидени паркинг места се воведува зонско паркирање во прва,втора и трета зона.

Член 2

Зонското паркирање ќе се наплаќа во временскиот интервал од

08 -22 ч, сабота од 08-15ч, недела и празници слободно паркирање.

Член 3

Цените за паркирање на патничките моторни возила во зонското паркирање се следните:

-прва зона(зона А),30ден./час,и секој нареден час се наплаќа 30 денари.

-втора зона(зона Б),20ден/час, и секој нареден час се наплаќа 20денари,

- трета зона (зона Ц), 10 ден/час, и секој нареден час се наплаќа 10 денари.

Дневна паркинг карта за сите зони изнесува 90 денари.

**ПОВЛАСТЕНО ПАРКИРАЊЕ**

-за станари од колективни станбени заедници и индивидуални куќи,коишто немаат пристап со моторно возило до сопствениот двор или нема услови за паркирање во рамките на објект во етажна сопственост, ќе се наплатува,

За првовозило 2.000ден./годишно

За второ возило 3.000ден./годишно

**ПРЕТПЛАТНА(МЕСЕЧНА) ПАРКИНГ КАРТА**

-ТИП 1 за правно лице со деловно седиште во зоната-2000ден/месечно.

**НАПОМЕНА:Претплатната месечна карта важи само за една зона каде што се наога седиштето направниот субјект,паркирањето важи 24 часа.**

-ТИП 2 за физички лица кои немаат живеалиште во зоната 1600ден/месечно,

**НАПОМЕНА: Претплатната месечна карта важи во сите зони, паркирањето важи 24 часа.**

**ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ВРАБОТЕНИ**

Повластена паркинг карта за вработени во правни лица со седиште во зоната, изнесува 1.000 ден. месечно.Повластената паркинг карта важи само за времетраењето на работното време, максимум до 12 часа.

Член 4

За непријавено паркирање се ставаат лисици (блокатори) и се наплатува надоместок од 1.000,00 денари како казна за непријавено паркирање.

Доколку надоместокот за непријавеното паркирање не биде регулиран до 22:00часот навечер, блокаторот се заменува со налог за наплата (налепница).

Доколку возилото не биде преместено во рок 24 часа од моментот на казнување,интервенира пајак служба, а трошоците за нејзина интервенција се 2.500ден.од подигање на возило.

Член5

Кога возилото е казнето, а паркирањето е платено со погрешно внесена регистрација, односно недостасува или е згрешена бројка/буква, казната се заменува со издавање и наплата на дневна паркинг карта.

Докажувањето на погрешно внесените податоци од ставот 1 од овој член ќе се врши со фотографирање од страна на овластените контролори.

Член6

За кражба или оштетување на веќе поставен блокатор (лисици) ќе се наплатува цена од 12.000 ден.со вклучен ддв.

Член7

Повластена паркинг карта за станари кои имаат во сопственост возило со странски регистарски таблици изнесува 6.000ден./годишно..

Член8

Повластена паркинг карта за станари кои користат службено возило за приватни цели изнесува 4000 ден./годишно.

Член9

На корисниците на возила на електричен погон им се дозволува бесплатно паркирање во сите зони, освен на местата предвидени за инвалидизирани лица и резервираните места.

Член10

Од вкупниот број паркинг места, 3% се резервирани за инвалидизирани лица кои не плаќаат надоместок за користењето на паркинг услуга.

## ПОВЛАСТЕНО ПАРКИРАЊЕ

Право на повластено паркирање имаат станарите од колективните станбени заедници лоцирани во зоните и во кои нема услови за паркирање, како и индивидуални куки кои немаат пристап со моторно возило до сопствениотдвор.

Дозволата за повластено паркирање ја издава ЈП за јавни паркиралишта ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО- Неготино поподнесено барање од станарот сопственик на возило, а попредходно доставени докази за сопственост или закуп на стан и доказ за сопственост на возило (имотен лист или нотарски заверен договор за закуп и важечка сообраќајна дозвола на име на станарот).

## РЕЗЕРВИРАНО ПАРКИРАЊЕ

Право на резервирано паркинг место имаат правни лица кои имаат деловно седиште и корисничко право во зоната.Дозволата за резервирано паркинг место за правни лица ја издава ЈП за јавни паркиралишта ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО-Неготино, по поднесено барање од правното лице, а по претходно доставени докази за локација на деловното седиште, доказ за корисничко право и важечка сообраќајна дозвола на име на правното лице.Цената за

резервирано паркирање изнесува 36000денари/годишно во А зона и 30000 денари/годишно во Б зона.

## ПРЕТПЛАТНА(МЕСЕЧНА) ПАРКИНГ КАРТА

Прв тип на претплатна месечна паркинг карта ќе важи само за правни лица. Право на повластено паркирање имаат само правни лица кои имаат деловно седиште и корисничко право во зоната и тоа за едно возило во зоната каде се наоѓа седиштето на фирмата, наместо кое ќе го определи ЈП за јавни паркиралишта ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО-Неготиноно не подалеку од 30 м од седиштето на правното лице. Оваа претплатна месечна карта важи само за зоната за која се однесува картата.

Дозволата за повластено паркирање за правни лица ја издава ЈП ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО-Неготино по поднесено барање од правното лице, а по претходно доставени докази за локација на деловното седиште, доказ за корисничко право и важечка сообраќајна дозвола на име на правното лице.

Вториот тип на претплатна месечна паркинг карта ќе важи за физички лица.Оваа карта важи за сите зони.

### Член 11

Службените возила- специјални возила на Брза помош,полиција и противпожарна заштита се ослободуваат од плаќање на услугите за користење на јавните паркиралишта.

### Член 12

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање во Општина Неготино број 02-275/4 од 19.08.2022 година, на која има дадено согласност Советот на Општина Неготино со Решение број 08-615/8 од 07.09.2022 година (Сл.Гласник на Општина Неготино број 00/2022).

### Член 13

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добивањето насогласност од Советот на Општина Неготино.

ЈП ПАРКИНЗИ НЕГОТИНО-Неготино
Претседател на Управен одбор
Илија Пенков